# ESPORTS.MK – Wingman Weekend Cup

## Официјален правилник за учество

Овој документ ги дефинира условите, форматот и правилата за учество на Weekend Cup организиран од esports.mk, кој се одржува преку платформата FACEIT.

### 1. Услови за учество

За да може тимот да учествува на Weekend Cup, мора да ги исполнува следниве услови:

- Секој учесник мора да биде со локација во Македонија и со поставено македонско знаме на својот FACEIT профил.
- Секој играч мора да има минимум 1201 ELO, односно да биде Level 6 на својот FACEIT акаунт за CS2, со цел да може да се пријави и учествува на турнирот.
- Тимот мора да биде составен од два играчи.
- FACEIT Anti-Cheat е задолжителен за сите учесници.
- Користење на повеќе акаунти или лажни податоци е строго забрането.

Организаторот го задржува правото да дисквалификува играчи или тимови кои не ги исполнуваат условите.

### 2. Технички поставки на натпреварите

Сите натпревари ќе се играат со следните серверски поставки:

- **Rounds:** Best of 24 (mp_maxrounds 24)
- **Round time:** 1 минута и 55 секунди (mp_roundtime 1.92)
- **Start money:** $800 (mp_startmoney 800)
- **Freeze time:** 15 секунди (mp_freezetime 15)
- **Buy time:** 20 секунди (mp_buytime 20)
- **Bomb timer:** 40 секунди (mp_c4timer 40)
- **Overtime:** Best of 6 (mp_overtime_maxrounds 6)
- **Overtime start money:** $10,000 (mp_overtime_startmoney 10000)
- **Prohibited items:** Нема (mp_items_prohibited "")

### 3. Награден фонд

Наградите се доделуваат во форма на FACEIT поени, распределени на следниот начин:

- 🥇1 место: 4,000 FACEIT поени
- 🥈 2 место: 2,000 FACEIT поени
- 🥉 3-4 место: 1,000 FACEIT поени

Наградите ќе бидат распределени по завршување на турнирот.

## 4. Избор на мапи (Map Pool)

Официјалниот map pool за Weekend Cup е составен од следните мапи:

- Dust 2 Night
- El Dorado
- Inferno
- Lublin
- Nuke
- Poseidon
- Vertigo

## 5. Формат на натпреварувањето

- Сите натпревари се играат во BO3 (Best of 3) формат.
- Турнирот се одржува во Single-Elimination систем.
- Пораз значи елиминација од турнирот.

## 6. Процес на избор и банирање на мапи (Map Veto)

Тимот кој го започнува вето процесот се одредува автоматски и случајно од FACEIT платформата.

Процесот на вето се одвива по следниот редослед:

1. **Team A** – отстранува прва мапа
2. **Team B** – отстранува втора мапа
3. **Team A** – одбира прва мапа
4. **Team B** – одбира втора мапа
5. **Team A** – отстранува трета мапа
6. **Team B** – отстранува четврта мапа
7. Преостанатата мапа се игра како одлучувачка (decider) доколку резултатот е 1:1.

## 7. Општи правила и одговорности

- Неспортско однесување, навреди, злоупотреба на багови или обиди за измама ќе бидат санкционирани.
- Организаторот го задржува правото да направи измени во правилникот доколку е потребно во било кое време.
- Одлуките на организаторот се конечни.